

# Кодекс на Групација Триглав

triglav

Triglav Group
triglav.eu

# Содржина


Во пресрет на кодексот 3

Вредностите нè поврзуваат, начелата нè насочуваат 6

**2.1. Се однесуваме чесно** 8

Работиме чесно и во согласност со прописите 8

Водиме грижа за управување со судир на интереси 9

Спречуваме ограничување на конкуренција, нелојална 9

**2.2. Работиме и комуницираме транспарентно** 10

Посветени сме на транспарентност 10

Комуницираме транспарентно и сеопфатно 11

**2.3 Одговорно се грижиме за своите акционери** 12

Ги почитуваме човековите права 12

Се грижиме за вработените 14

Фокусирани сме на клиентите 15

Создаваме добри односи со деловните партнери 15

Се грижиме за интересите на акционерите 16

Се грижиме за одржлив развој 16

**2.4. Управуваме со ризици** 17

Управуваме со измами 17

Спречуваме коруптивно однесување 18

Спречуваме перење пари и финансирање тероризам 18

Ги штитиме податоците 19

Одговорно и транспарентно ја користиме вештачката интелигенција (ВИ) 19

Да го (за)штитиме угледот на Триглав 21

# Во пресрет на Кодексот





Можеби звучи комплицирано, дури и сувопарно, или сосема нормално – етичкото работење е темелот врз кој се гради иднината. Во Групацијата Триглав сме свесни дека само со законито и етичко однесување и во согласност со основните начела на корпоративниот интегритет и грижа за одржливиот развој, може да го одржиме безбедното работење, угледот и интегритетот, да обезбедиме ефикасно управување и да ја зајакнеме меѓусебната соработка и довербата на нашите акционери.

Довербата што ја негуваме уште од 1900 година е темел на осигурувањето. Тоа е клучот што ги обединува вредностите на Групацијата Триглав.

Со Кодексот на Групацијата Триглав (во натамошниот текст: Кодекс) ги заокружуваме стандардите на однесување што ги следиме како пример. Тој е нашиот водич во решавањето на прашањата кои се јавуваат во текот на работата и при одговорното донесување на исправни одлуки. Тој е нашиот компас во мноштвото прописи кои го регулираат нашето работење и чие доследно спроведување го следиме заедно со институциите на национално и меѓународно ниво.

Со оглед на тоа дека Групацијата Триглав настојува да ја прилагоди воедначеноста на стандардите во однос на сите чинители, Кодексот е основниот документ што ги охрабрува и обврзува на тоа вработените во Групацијата Триглав, комбинирајќи ги основните начела на нашето однесување и етичкото однесување.

Секој од нас е одговорен за однесување во согласност со Кодексот. Кодексот претставува водич за јакнење на чесното и етичко однесување на сите нивоа: во однос на околината, клиентите, соработниците, деловните партнери, акционерите, медиумите, добавувачите, управувањето (со друштвата) но првенствено во однос кон самите себе. Со впишаните вредности и начела, Кодексот ни помага во ситуации кога не сме сигурни како да се однесуваме.

**Со помош на следните „златни прашања“ можеме да ја провериме усогласеноста на нашето однесување во дадена ситуација:**

**1. Дали однесувањето е законито?**

**2. Дали однесувањето е во согласност со интерните правила на друштвото?**

**3. Дали однесувањето ќе го прикаже друштвото или Групацијата Триглав во добро светло?**

**4. Дали јавноста ќе ја прими веста за однесувањето позитивно и во согласност со нашите очекувања?**

**5. Дали однесувањето е во согласност со моите лични вредности, принципи и убедувања?**

**Ако одговорите на прашањата се претежно потврдни, однесувањето најверојатно ќе биде во согласност со стандардите на Групацијата Триглав, кои ги предвидуваме и со Кодексот.**



Кодексот ги обврзува сите вработени и други лица кои работат во име и за сметка на друштвата на Групацијата Триглав. Раководствата на друштвата и менаџерите со своето однесување претставуваат пример и обезбедуваат, и самите тие, но и нивните вработени, да се однесуваат во согласност со основните вредности и начела на овој Кодекс.

Истовремено, Кодексот ни дава насоки за подготовка на други интерни акти на Групацијата Триглав или на нејзините друштва. Во случај на неусогласеност помеѓу одредени

интерни акти на Друштвото и овој Кодекс, се применуваат одредбите на Кодексот. Доколку различното уредување на одредени содржини во интерните акти на Друштвото произлегува од барањата на локалното законодавство или стандардите на основната дејност на конкретното друштво, професионалните стандарди и добрата пракса, дозволени се исклучоци.

**Кодексот ни помага да се ориентираме во мноштвото прописи кои го регулираат нашето работење, како и во сопствената проценка на адекватноста на однесувањето и одлучувањето.**

Во друштвата на Групацијата Триглав раководителите, раководните и други вработени, како и други лица кои делуваатт во име на друштвата на Групацијата Триглав, во своето однесување и при одлучувањето ги почитуваат и одредбите од други кодекси, декларации, препораки и насоки на домашни и странски надзорни и други државни органи, професионални и стручни здруженија или организации.

**Во случај на нејаснотии во однос на значењето или толкувањето на одделни одредби на Кодексот, се обраќаме до својот претпоставен, службата надлежна за човечки ресурси или правни прашања, или до службата или овластеното лице за усогласеност на работењето во Друштвото.**

# Вредностите нè поврзуваат, начелата нè насочуваат



Дејствувањето кое е водено од вредности и засновано врз етички начела, е клучно за одржување на добра репутација, јакнење на довербата во нашиот бренд и обезбедување на успешно, исплатливо и одржливо работење во согласност со поставените цели, мисијата, визијата и стратегијата на Групацијата Триглав.

# Етички начела на Групацијата Триглав се:

- Чесност и усогласеност на работењето
- Управување со судир на интереси
- Спречување на ограничувања на конкуренцијата, нелојалната конкуренција и нечесните деловни практики
- Транспарентност и сеопфатна комуникација
- Почитување на човековите права
- Одговорност кон вработените
- Фокус на клиентот
- Одговорност пред деловните партнери и акционери
- Грижа за одржлив развој
- Управување со измами
- Спречување на корумптивно однесување
- Спречување на перење пари и финансирање тероризам
- Заштита и интегритет на податоци
- Одговорно користење на (алатките) на вештачката интелигенција (ВИ)

Детално ги претставуваме во следните потпоглавја: **Се однесуваме чесно, Работиме и комуницираме транспарентно, Ги почитуваме основните права на акционерите и Управуваме со ризиците.**

# 2.1. Се однесуваме чесно

Како вработени, свесни сме дека исправните и чесни одлуки се одраз на постапките на секој од нас.




Работиме чесно и во согласност со прописите

Како вработени, покажуваме висока професионалност и интегритет во однос на соработниците, клиентите, сопствениците, инвеститорите, медиумите, локалната средина, добавувачите и другите деловни партнери. Во меѓусебните односи се стремиме да се однесуваме и да дејствуваме:

- транспарентно, етички и одговорно;
- според начелата на грижлив, добар и одговорен експерт, со чесност и почитување на спротивната, но партнерска страна;
- на начин што го спречува донесувањето или спроведувањето на одлуки или однесувања што ќе ги поврзе Групацијата Триглав или нејзините друштва со незаконско или етички неприфатливо однесување;
- во согласност со важечкото законодавство и интерните акти на поединечното друштво, одредбите од овој Кодекс и другите обврзувачки акти на Групацијата Триглав, како и актите на надзорни и други национални или меѓународни органи;
- земајќи ги предвид меѓународно прифатените професионални стандарди и добрата деловна пракса (особено во областа на осигурување, управување со средства и обезбедување финансиски и сродни услуги или други професионални области на поединечно друштво во Групацијата Триглав).

## Водиме грижа за управување со судир на интереси

Како вработени сме свесни дека правилните и чесни одлуки се одраз на постапките на секој вработен и дека не се само одговорност на раководителите. На надзорно, раководечко или раководно работно место поставуваме луѓе кои се соодветни за таа позиција и кои со своето знаење, искуство и компетенции ја докажуваат својата стручност, а нивното минато го одразува нивниот морален и етички став. Притоа земаме предвид исти можности и критериуми.

Како вработени во друштвата на Групацијата Триглав, обрнуваме внимание на секој реален или можен судир на наши интереси и околности, кои доведуваат до судир на интереси. Наша должност е да сториме сè што можеме за да избегнеме судир на интереси.

Кога ги извршуваме работните задачи, правата и обврските во Друштвото или кога донесуваме деловни одлуки или дејствуваме во име на друштвата во Групацијата Триглав, водиме сметка за тоа корист за Друштвото или за Групацијата Триглав да ја ставиме пред сопствените интереси или интересите на трети страни.

За секој постоечки или потенцијален судир на интереси, како и на околности кои предизвикуваат појава на судир на интереси, кај себе, соработниците или други лица кои дејствуваат во име на Друштвото, должни сме

веднаш да го известиме одговорното лице, да престанеме со натамошна работа, влијание или одлучување по предметот, и да дејствуваме во согласност со одредбите на интерниот правилник.

Во сите случаи на приватно учество во општествени, политички, интересни и други јавни активности и иницијативи, вработените или други лица кои во деловниот живот настапуваат во име на друштвата во Групацијата Триглав дејствуваат во свое име и за своја сметка. Притоа внимаваме јасно да кажеме дека нашите постапувања, мислења и иницијативи ги одразуваат нашите сопствени ставови, кои не се нужно исти како и ставовите на Друштвото и Групацијата Триглав.

**Судир на интереси се околности во кои приватниот интерес на обврзникот влијае или создава привид дека влијае врз неговото непристрасно и објективно извршување на задачите за Друштвото или во донесувањето одлуки при извршувањето на неговата функција во Друштвото. Се смета дека судир на интереси настанал кога непристрасното и објективно вршење на задачите или одлучувањето во рамките на вршењето на функцијата, е загрозено поради вклучување на личен економски интерес, интерес на членовите на семејството или посебна наклоност или кои било други интереси поврзани со други физички или**

## Спречуваме ограничување на конкуренција, нелојална конкуренција и нечесна пракса

Веруваме дека слободната конкуренција поттикнува иновации, го подобрува квалитетот на услугите и им служи на сите засегнати страни. Свесни сме дека е незаконско секое договарање со конкуренцијата или усогласено постапување со конкурентите, кое доведува до исклучување на можностите на конкуренцијата, на кој било пазар на кој работиме. Посветени сме на фер конкуренција врз основа на вредноста на нашите услуги. Нашите деловни одлуки и постапките на вработените не смеат да ја спречуваат, ограничуваат или нарушуваат конкуренцијата. Отфрламе какви било договори со конкурентите што би можеле да доведат до рестриктивни однесувања, и внимаваме во комуникацијата со конкурентите да не ги соопштиме сопствените пазарни намери или преференции.

Некои друштва во Групацијата Триглав имаат водечки пазарни позиции, што носи посебна одговорност за нив и за нивните вработени, при влезот на пазарот да се однесуваат чесно и особено рационално, како и да внимаваат со своето однесување да не ја злоупотребат позицијата на пазарот. Аспектите на влијанието на конкуренцијата се земаат предвид при секоја одлука или активност што се однесува на нашето работење на пазарот.

Информациите за конкуреницијата ги прибираме исклучиво на законски начин, а при пазарното комуницирање на услуги или производи ги користиме дозволените техники на огласување.

# 2.2. Работиме и комуницираме транспарентно

Работиме транспарентно и тежнееме кон воедначена и координирана комуникација во сите друштва на Групацијата Триглав. Групацијата Триглав.



Посветени сме на транспарентност

Во друштвата на Групацијата Триглав ги откриваме сите информации и извештаи во согласност со националните прописи и барања за консолидирано известување на Групацијата Триглав. Притоа, исто така настојуваме да известуваме и за нефинансиските показатели, во согласност со меѓународно воспоставените стандарди, методологии и добрата пракса.

Друштвата чии хартии од вредност котираат на уредениот финансиски пазар, ја известуваат јавноста во согласност со законите за пазарот на капитал и високите стандарди за транспарентност. Ги следиме начелото на чесно и сеопфатно претставување на податоците и принципот на еднаков третман на акционерите, инвеститорите и другите партнери.

Активно соработуваме со надлежните надзорни органи и институции во надзорните постапки, земајќи ги предвид прописите што ја уредуваат заштитата на доверливост, обемот на овластувања и надлежностите на надзорните органи.

Внимаваме да не соработуваме и да не им помагаме на луѓе кои би сакале да ги заведат партнерите давајќи нецелосни и измамнички информации.



## Комуницираме транспарентно и сеопфатно

Ваквиот начин на комуникација ги чува и јакне видливоста, интегритетот, угледот и доброто име на Групацијата Триглав. Со проактивна и сеопфатна комуникација се фокусираме на праќање содржина и пораки што се важни за нашите партнери и за Групацијата Триглав.

Во односите со осигурениците, сопствениците, деловните партнери, финансиската јавност, надзорните органи, медиумите, локалните заедници итн. се стремиме кон јасност, транспарентност и објективност во комуникацијата. Одговорно стапуваме во дијалог и долгорочно градиме доверба со опкружувањето во кое работиме.

Во Групацијата Триглав тежнееме кон урамнотежена, неселективна и координирана надворешна комуникација, а притоа внимаваме на откривање на чувствителните податоци. Никогаш не им откриваме на надворешни лица податоци кои се или би можеле да бидат деловна тајна, интерни информации, тајни, лични и други чувствителни податоци, освен ако сме посебно овластени за тоа.

Исто така, настојуваме да обезбедиме единствени комуникациски стандарди во секое друштво на Групацијата Триглав. Во комуникацијата со соработниците сме добронамерни и позитивни, а истовремено обврнуваме внимание на навременост, јасност и разбирливост на она за што известуваме. Секогаш настојуваме да дадеме повратна информација, а притоа сме конструктивни и насочени кон целта, кон што тежнееме заедно со своите соработници.

**Во комуникацијата ги почитуваме важечките прописи и интерните правила, каков што е Комуникацискиот кодекс на Групацијата Триглав.**

Свесни сме дека за создавање на соодветна корпоративна култура е неопходно нашите вработени да бидат запознати со деловните стратегии и долгорочните насоки на Групацијата Триглав и нејзините друштва, а истовремено имаме можност активно да учествуваме во тоа. Затоа континуирано и навремено ги информираме нашите вработени за стратегијата, визијата и плановите на Друштвото и ги поттикнуваме активно да се вклучат во обликувањето на деловните промени и да учествуваат во спроведувањето на стратешките планови.

На вработените во Групацијата Триглав им овозможуваме да учествуваат во управувањето во согласност со важечките закони, на пример, преку претставникот во органот на управување на даденото друштво, советот на работници, претставникот на синдикатот итн.

Особено внимание посветуваме на навременото и сеопфатно информирање на вработените за деловните одлуки и другите активности на друштвата на Групацијата Триглав, коишто се во битна врска со интересите на вработените. Притоа во што поголем обем ги вклучуваме соработниците во усвојувањето и спроведувањето на овие активности. Вработените редовно ги информираме за промените во раководството на друштвата на Групацијата Триглав и го почитуваме нивното право да се обединат во работнички организации – како на ниво на друштво така и на ниво на сектор или држава. Настојуваме дијалогот меѓу претставниците на вработените и раководството на Групацијата Триглав да се одвива професионално, во

потрага по компромисно решение и што потранспарентно, земајќи ги предвид законските прописи во областа на работните односи.

Ги почитуваме индивидуалните права на вработените коишто учествуваат како претставници на вработените на различни нивоа во Групацијата Триглав. Им гарантираме соодветни услови за вршење на функцијата без прекин.

# 2.3. Одговорно се грижиме за своите акционери

Со своето однесување придонесуваме за заштита, прифаќање и почитување на правата на нашите акционери и промовираме транзиција кон одржливо, праведно и инклузивно друштво.



## Ги почитуваме човековите права

Во Групацијата Триглав доследно ги почитуваме и штитиме меѓународно признатите човекови права и темелни слободи, коишто се во согласност со целите и начелата на Организацијата на обединетите нации и произлегуваат од Општата декларација за човекови права, која ја усвои и прогласи Генералното собрание на Обединетите нации, како и темелните права дефинирани во Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните начела и права за работа. Исто така, бараме и охрабруваме почитување на човековите права и основните слободи од оние кои се вклучени во нашиот вредносен синџир. Имаме нулта толеранција за кршење на забраната за користење на детски труд и сите форми на принудна работа и трговија со луѓе.

Негуваме добри односи со соработниците, достоинствени сме спрема клиентите, ги почитуваме различностите и не дозволуваме дејствија што би влијаеле врз нашето лично достоинство. Посветени сме на одржлив развој во четири клучни области: осигурувањето и управувањето со имот, сопствените деловни процеси, одговорен однос кон акционерите и ефикасно корпоративно управување.

Градиме кооперативна и агилна организациска култура и создаваме поттикнувачко работно опкружување во кое се штити и почитува достоинството и интегритетот на вработените на работното место. Настојуваме да создадеме работно опкружување кое ги почитува личните, сексуалните, верските, расните, националните, етничките, културните, социјалните, географските, семејните, физичките, староснитe или кои било други индивидуалности или припадности на вработените.



Застапникот на вработените е прво лице за контакт на кое вработените може да му се обратат во врска со наводно вознемирување, дискриминација или малтретирање што го забележуваме во работното или деловното опкружување.

Секој вработен, исто така, може да пријави наводно кршење на неговите права кај надредено одговорно лице или во одделот за човечки ресурси. Во случај кога тоа не може да се пријави кај горенаведените, можеме да пријавиме наводна повреда до службата или до лицето овластено за усогласеност на работењето, или да постапиме во согласност со интерниот акт што уредува пријави на сомневања за кршења на Кодексот.

Секое добронамерно известување и идентитетот на добронамерниот пријавувач се третираат доверливо, а пријавувачот е заштитен од можни дејствија на одмазда и постои можност работата да се реши неформално.



## Се грижиме за вработените

Групацијата Триглав е свесна за клучната улога на вработените во постигнувањето на добри деловни резултати. Уверени сме дека преданите, високо професионални и мотивирани вработени се извор на одржлив развој и одговорен развој спрема сите акционери. Затоа, се грижиме за нашите вработени, создаваме услови за нивна благосостојба, овозможуваме флексибилно работење и се стремиме кон успешен личен и професионален развој.

Раководствата на друштвата и раководителите градат чесен и искрен однос кон соработниците.

Посебна грижа посветуваме на развојот на клучни и перспективни вработени и на развојот на раководството, а на сите вработени им нудиме низа функционални обуки во земјата и во странство, вклучувајќи помош во финансирање на формалната обука и учество на стручни средби. Воспоставивме систем на менторство за сите нововработени, а развивме и решенија за постарите и етаблирани кадри за натамошен развој на нивната кариера и пронаоѓање на нови предизвици. Со целно управување го развиваме потенцијалот на вработените, ја зголемуваме нивната припадност и создаваме поттикнувачко работно опкружување.

Сигурното и здраво работно опкружување е основа за квалитетно вршење на работата и зачувување на здравјето на вработените. Затоа постојано ги идентификуваме ризиците за сигурноста и здравјето во работното опкружување и управуваме со нив преку преземање соодветни мерки. Со образование на вработените и со постојана интерна комуникација, ја јакнеме свеста за важноста на сигурноста и здравјето при работа.

**Вработените се свесни за ризикот на своето работно место и должни се да дејствуваат во случај на опасност за сигурноста и здравјето при работа. Дејствуваме самозаштитно и секогаш се придржуваме до упатствата на стручните служби и одговорните лица.**

## Фокусирани сме на клиентите

Во центарот на активностите на Групацијата Триглав се наоѓаат нашите клиенти. Односите ги градиме врз доверба со нив и настојуваме да постигнеме нивно задоволство и лојалност. Развиваме едноставни осигурителни производи и решенија за помош, воведуваме сеопфатен пристап до клиентите и нови деловни модели. Стратешка цел е да се третираат клиентите холистички и одговорно и да се комуницира со нив од канал до канал.

Се фокусираме на едноставност, сигурност, транспарентност, разбирливост и пристапност до нашите производи и услуги. Насоките ги следиме уште во фазата на развој на производот, а големо внимание посветуваме и на квалитетни, сигурни и ефикасни постпродажни услуги.

Свесни сме дека договорите за осигурување и другите финансиски работи се често сложени и дека клиентите тешко ги разбираат. Заради тоа, настојуваме при склучувањето на такви договори да не се однесуваме манипулативно и на клиентите на разбирлив начин им ги објаснуваме сите права и должности кои произлегуваат од нив. Им обезбедуваме и соодветен материјал и им нудиме дополнителни совети и објаснувања.

Не користиме манипулативна, агресивна, навредлива, шокантна или друга неадекватна продажна и постпродажна пракса во промотивните активности и маркетингот на производите и услугите.

Сите забелешки на купувачите ги решаваме непристрасно, коректно, брзо и ефикасно и во согласност со пропишаната процедура. Ако притоа дојде до спор, се обидуваме да го решиме спогодбено и на обострано задоволство, земајќи ги предвид правата на клиентот, нивните должности и легитимните интереси на Друштвото и на Групацијата Триглав.



## Создаваме добри односи со деловните партнери

Во Групацијата Триглав негуваме партнерства со различни компании. Односот со деловните партнери го градиме со толеранција, меѓусебно почитување, со транспарентен и недискриминаторен однос, земајќи ги предвид етичките и законските норми. Ги цениме деловните партнери кои исто така поттикнуваат преданост и професионализам, етика и транспарентност во својата компанија.

Не работиме со деловни партнери кои во својот деловен процес вклучуваат работа на деца, кои на вработените не им обезбедуваат соодветни, но барем пропишани услови за работа, не им нудат соодветен надомест за извршената работа, не се грижат за безбедноста и здравјето на вработените при работа или на друг начин не ги почитуваат човековите права, не се однесуваат одржливо или не водат сметка за ограничување на влијанието врз природното опкружување.

## Се грижиме за интересите на акционерите

Стратешки настојуваме долгорочно да ја зголемиме вредноста на имотот на акционерите на Друштвото, кој може да се вреднува дневно и по пазарна цена, заради котацијата на акциите на Љубљанска берза. Се грижиме за најголема можна атрактивност на акцијата и за постигнување на нејзина фер вредност. Тоа го спроведуваме низ низа активности во односите со инвеститорите или акционерите, кои исто така се насочени кон препознавање на уделот во меѓународниот и локалниот финансиски свет и изградба на отворени и конструктивни односи со институционалните инвеститори или акционери.



Настојуваме да обезбедиме нашите акционери да бидат транспарентно, тековно и рамномерно информирани за работењето, положбата и перспективите на Групацијата Триглав, давајќи им на тој начин квалитетна основа за донесување на одлука за вложување. Притоа, постапуваме еднакво со секој акционер, без оглед на неговото потекло, големина и статус.

Нашата дополнителна грижа има за цел заштита на малите акционери на друштвото, што меѓу другото го изразуваме и преку добра пракса на организирано остварување на гласачки права на собранијата на Друштвото.

## Се грижиме за одржлив развој

На овој начин, го намалуваме нашето влијание на климатските промени и неизвесноста во животната средина, создаваме долгорочна, стабилна основа за профитабилно и сигурно работење на Групацијата Триглав и промовираме транзиција кон климатски неутрална, циркуларна и праведна економија.

Се однесуваме одговорно кон природната средина, поради што во нашите деловни процеси се стремиме кон енергетска ефикасност и користење енергија од обновливи извори, со цел намалување на емисиите на стакленички гасови. Сеопфатно го мериме и управуваме со јаглеродниот отпечаток. Нашите избрани добавувачи успешно ја поминуваат проценката за одржливост. Силно сме вклучени во

општествено одговорни и еколошки проекти, партнерства, спонзорства и донации. Превентивните програми се важен општествен аспект на одржливите влијанија на осигурителната индустрија, бидејќи со нив ги намалуваме ризиците, а пропишани се и со закон. Се фокусираме на зголемување на сигурноста во сообраќајот, противпожарната и здравствената сигурност, а превентивните проекти ги насочуваме главно кон групи луѓе или на средини, кои се најранливи.

Во осигурителната дејност развиваме производи кои промовираат општествено одговорни и еколошки придобивки (на пример, осигуруваме соларни електрани, микромобилност, електрични и хибридни возила). Гарантираме нивна усогласеност со прописите со помош на интерна методологија за оценување на одржливоста на производите. При управувањето со средствата, го зголемуваме уделот на одржливите и зелени инвестиции и, во согласност со нашите обврски, постепено ја намалуваме изложеноста на корисници на јаглен.

Водиме сметка за високи стандарди во корпоративното управување. Во согласност со стратешките амбиции на Групацијата Триглав во областа на одржливиот развој (ESG), користиме фактори поврзани со животната средина, општествените прашања и управувањето, за унапредување на политиката за сукцесија, разновидност и наградување на членовите на раководствата во друштвата во Групацијата.

Грижејќи се за одржливиот развој, создаваме долгорочна стабилна основа за профитабилно и безбедно работење на Групацијата Триглав, го промовираме преминот кон одржливо општество и го намалуваме нашето влијание врз климатските промени. Учествуваме во бројни меѓународни иницијативи и партнерства кои ги спроведуваат принципите на одржлив развој, известувајќи во согласност со важечкото законодавство и со Европските стандарди за известување на одржливост (ESRS).

Исто така, обезбедуваме одржлив развој преку донесениот Кодекс за добавувачи и деловни партнери на Групацијата Триглав, кој подразбира посветеност на учесниците кон одржливо работење во нашиот синџир на вредности.

# 2.4. Управуваме со ризици

Вработените во Групацијата Триглав дејствуваат професионално и одговорно и активно тежнеат кон ефикасно управување со ризиците.



## Управуваме со измами

Во друштвата на Групацијата Триглав настојуваме да го заштитиме имотот од измами, спречувајќи ги со воспоставување и управување со соодветен систем на интерна контрола. Во случај на воочени причини за сомнеж за измама во одредено друштво на Групацијата Триглав, самото друштво ги истражува сите поврзани факти и околности и презема дејствија во законски предвидените рамки.

Вработените во Групацијата Триглав се стремат активно да придонесат во спречувањето и откривањето на измами преку личен пример и со пријавување на сомнителни измами. Негуваме култура на интегритет при што пријавувањето на сомнителна измама е безбедно и заштитено од одмазда. За таа цел, воспоставени се доверливи канали за пријавување кои обезбедуваат анонимност и независно постапување со пријавите.

**Измамата може да вклучува противправно присвојување на имотот на Друштвото (на пример, измама, прикривање, злоупотреба на положбата или довербата, измама во осигурување, злоупотреба на интерни информации, издавање и неовластено стекнување на деловна тајна), како и проневера и неовластено користење на туѓ имот, незаконско примање подароци или мито, фалсификување на деловни книги**

## Спречуваме коруптивно однесување

За да го заштитиме интегритетот и доброто име на Групацијата Триглав и да ги заштитиме интересите на друштвата на Групацијата Триглав и нивните акционери, не одобруваме коруптивно однесување.

Посебно внимание посветуваме на почитување на прописите за јавни службеници и јавни набавки при соработка, работа и комуникација со субјекти на кои се однесуваат овие прописи. Во нашите односи со нив посебно внимание посветуваме на секое сомнително или несоодветно однесување, извршување на трансакции, давање надоместоци, исплати или други бенефиции, подароци или поволности.

Се осигуруваме плаќањата во корист на добавувачи, посредници, агенти и други деловни партнери да се вршат исклучиво со цел за извршување на законски работи, при што износот или вредноста на плаќањето или користа мора да бидат пропорционални и разумни со оглед на природата и обемот на извршената работа.

**Коруптивните однесувања ги сфаќаме како давање и примање на мито и сите други дејствија со кои, со злоупотреба на овластувањата или на положбата или со дејствување спротивно на одговорноста, се постигнува или се обидува да се постигне предност или корист за себе или за трета страна.**



## Спречуваме перење пари и финансирање тероризам

Во Групацијата Триглав активно спречуваме и не дозволуваме злоупотреба на својот систем за влез, употреба, трансформација или прикривање на незаконско потекло на пари, или прибирање, излез или намена на пари за финансирање тероризам. Тоа посебно се однесува на подрачјето на извршување на работи поврзани со животно осигурување, управување со имот и сметководствени услуги, коишто се меѓународно препознати како поризични во тој поглед.

За да осигураме спречување на перење пари и финансирање тероризам, воспоставуваме и управуваме со соодветни системи на интерна контрола во друштвата кои вршат работи поврзани со животни осигурувања, настапуваат во улога на управители со инвестициски фондови или вршители на сметководствени услуги.

Во тие друштва вработените и другите лица кои дејствуваат во име на Друштвото, редовно ги образоваме и оспособуваме. Во случај на утврдени причини за сомневање во перење пари или финансирање тероризам, вработените

го известуваат одговорното лице за спречување на перење пари во своето друштво. Тој за тоа ќе го извести раководството и надлежниот државен орган.

**Основна мерка за спречување и откривање на перење пари или финансирање тероризам е спроведување на длабинска анализа на клиентите и корисниците на осигурување и другите деловни партнери. Тоа се прави со идентификување, утврдување на целта на работата, активностите на клиентот или партнерот и следење на неговите активности во Друштвото.**

## Ги штитиме податоците

Податоците и информациите имаат клучно значење за имплементација на деловните процеси и претставуваат извонредно важен деловен имот во сите друштва на Групацијата Триглав. Затоа, податоците што ги добиваме во работењето ги штитиме со целокупно должно внимание.

За да се осигура нивната доверливост (спречување на неовластен пристап или откривање), интегритет (обезбедување на целосност и точноста на информациите), автентичност (обезбедување потврда за идентитетот на изворите) и достапност (обезбедување на достапност на информациите во време и во обем во кои е потребно), друштвата во рамките на Групацијата Триглав имаат воспоставено сопствени системи за управување со безбедноста на информациите.

Групацијата Триглав ја обезбедува безбедноста на информациите преку редовно идентификување, проценка и управување со ризиците поврзани со безбедноста на информациите и преку брзо закрепнување од потенцијални инциденти. Ги почитуваме релевантните прописи и стандарди во областа на безбедноста на информациите и спроведуваме редовно тестирање на континуитетот на услугите. Свесни сме дека сите вработени во Групацијата Триглав, како и оние со кои соработува Групацијата Триглав, се одговорни за безбедноста на информациите.

Поединечни податоци може да претставуваат и лични и доверливи податоци и деловна тајна на Друштвото. При постапување со нив ја земаме предвид нивната природа и ги обработуваме во согласност со законодавството и интерните акти. Со овие податоци се запознаваат само лицата на кои им се потребни за вршење на нивната работа и за вршење на нивните овластувања и одговорности во друштвата на Групацијата Триглав. Водиме сметка обемот на обработката да е сразмерен со намената на обработката или со задачите кои ги вршиме во друштото или за друштвото, и да имаме соодветен правен основ за обработка.

Податоците не ги откриваме на трети лица, освен ако за тоа постои соодветен правен основ, на кој се однесуваат конкретните податоци. Исто така, не ги користиме за своја или за туѓа корист. Ги чуваме во согласност со правилата и интерните акти кои ги уредуваат заштитата на информациите на друштвата, другите интерни акти и регионалните прописи.



## Одговорно и транспарентно ја користиме вештачката интелигенција (ВИ)

Користиме вештачка интелигенција на начин што е етички, одговорен, транспарентен, безбеден, во согласност со прописите и највисоките стандарди и интерни акти,

и фокусиран на подобрување на квалитетот на услугите за осигурените корисници на услугите на Групацијата Триглав, почитувајќи го човековото достоинство.

Вработените се должни да користат вештачка интелигенција исклучиво за деловни цели, при што безбедноста на податоците, приватноста и заштитата на деловните тајни и личните податоци секогаш се на прво место. Овозможуваме човечка интервенција и можност за жалба при донесување одлуки во врска со употребата на високоризична вештачка интелигенција. Користиме системи што внимателно ги проценивме за да обезбедиме високо ниво на безбедност на информациите, како и заштита на личните податоци, кои не предизвикуваат дискриминација и кои се отпорни на грешки, манипулации и сајбер-закани.

Преку транспарентно работење, континуирана обука на вработените и редовно ажурирање на интерните документи, гарантираме дека употребата на вештачка интелигенција во Групацијата Триглав е безбедна, одговорна и во полза на сите засегнати чинители.

# Да го (за)штитиме угледот на Триглав



Ги остваруваме целите на Групацијата Триглав и поединечните друштва во согласност со деловната стратегија, при што ги поттикнуваме мотивацијата, иновативноста и креативноста, истовремено осигурувајќи се дека нашата работа е насочена кон ефикасност и создавање на дополнителна вредност за друштвата во Групацијата.

Со цел зачувување на угледот и интегритетот на трговската марка Триглав, настојуваме да создадеме околности во кои вработените можат безрезервно да пријават загриженост и сомневање во одлуки, ситуации или однесувања кои би можеле да претставуваат непочитување или кршење на Кодексот.

Сомневањето за кршење на Кодексот или нанесување штета на интересите на Групацијата Триглав или на било кое од нејзините друштва, или на интересот на трето лице кое има деловен однос со друштво на Групацијата Триглав, вработените го пријавуваат или на непосредно претпоставеното лице или на службата или лицето овластено за усогласеност на работењето во Друштвото, но и (анонимно) преку каналот за пријавување прекршоци објавен на веб-страницата www.triglav.eu (Усогласеност/Пријавување на сомнителна измама и други неправилности и прекршоци во Групацијата Триглав).

Лицата коишто се известени или на друг начин информирани за пријави за кршење на Кодексот, во рамките на важечкиот закон:

- преземаат мерки во најдобар интерес на поединечното друштво и Групацијата Триглав и во согласност со своите овластувања,
- го штитат како доверлив идентитетот на добронамерниот пријавувач и лицето на кое се однесува пријавата,
- го штитат добронамерниот пријавувач од дејствија на одмазда или други дејствија за создавање на непријателско работно опкружување или влошување на работните услови и односи, и
- го штитат интегритетот на лицето на кое се однесува кршењето на овој Кодекс.

Пријавените кршења на Кодексот се решаваат од страна на надлежната служба или лицето овластено за усогласеност на работењето на одреденото друштво, во рамките на нивните овластувања и делокруг, а во согласност со важечките закони и интерни акти на Друштвото.

**Кому му пријавуваме кршење?**

**На надреденото или на овластеното лице, или на координаторот за усогласеност на работењето на одредено друштво во Групацијата.**

**Ако од објективни или субјективни причини не можеме да пријавиме кршење кај горенаведените лица или служби, пријавуваме до Усогласеност на работењето во Заваровалница Триглав на е-адреса: skladnost@triglav.si или преку каналот за пријавување на прекршувања на вебстраната www.triglav.eu**

Кршењата на Кодексот, кои истовремено претставуваат кршење на важечките закони или интерните акти на Друштвото, може да претставуваат и повреда на индивидуалните работни обврски, што може да резултира со дисциплинска, материјална, кривична или друга одговорност во согласност со важечките прописи и интерни акти на Друштвото.

Добронамерните пријави на кршење на Кодексот ги штитиме како деловна тајна.

**Постапки со намера за одмазда против доброволните пријавувачи не се дозволени. Постапки со намера за одмазда се кој било вид нееднакво постапување, вознемирување, мобинг, намалување на бенефиции, застрашување, шиканирање и слични своеволни постапувања на работодавецот. Како постапки со намера за одмазда се сметаат и заканите или обидите за одмазда. Важи претпоставката дека постои причинско-последична врска меѓу пријавувањето и постапката со намера за одмазда..**

Кодексот на Групацијата Триглав влегува во сила на 01.01.2026 година. Од тој ден престанува да важи Кодексот на Групацијата Триглав од 01.06.2023 година.

triglav